СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1605/2021
Дата 28-10-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Прилеп се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2022, КП 2024, КП 2028, КП 2029, КП 2030, КП 2031, КП 2032, КП 2042, КП 2571, КП 2574, КП 2724, КП 2725, КП 3012, КО Присад, Општина Прилеп.**

Должината на трасата на кабелскиот вод за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,86 км.

За останатиот дел од предметната траса, предходно се издадени Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичко планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 2023, КП 2024, КП 2025, КП 2022-дел, КП 3012-дел, КО Присад, Општина Прилеп, со тех. бр. Y 17916 со Решение бр. УП1 15 – 557/2016 од 14.10.2016 год.

Во непосредна близина поминува траса на пристапен пат за која се издадени Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба – сообраќаен приклучок и пристапен некатегоризиран пат до концесија за експлоатација на минерални суровини – мермер од лежиштето Сивец, КО Присад, Општина Прилеп со тех. бр. Y 16013 со Решение бр. 15-7290/3 од 24.09.2013 год.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладснoст со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y18321** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2022, КП 2024, КП 2028, КП 2029, КП 2030, КП 2031, КП 2032, КП 2042, КП 2571, КП 2574, КП 2724, КП 2725, КП 3012, КО Присад, Општина Прилеп, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2022, КП 2024, КП 2028, КП 2029, КП 2030, КП 2031, КП 2032, КП 2042, КП 2571, КП 2574, КП 2724, КП 2725, КП 3012, КО Присад, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2022, КП 2024, КП 2028, КП 2029, КП 2030, КП 2031, КП 2032, КП 2042, КП 2571, КП 2574, КП 2724, КП 2725, КП 3012, Ко Присад, Општина Прилеп**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Прилеп**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 35569 од 12.05.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2022, КП 2024, КП 2028, КП 2029, КП 2030, КП 2031, КП 2032, КП 2042, КП 2571, КП 2574, КП 2724, КП 2725, КП 3012, КО Присад, Општина Прилеп. Должината на трасата изнесува 1033 м. Предвидено е да се изгради нова среднонапонска кабелска мрежа. За дел од локацијата каде што се наоѓа опфатот на предметната траса веќе се издадени Услови за планирање на просторот. Условите за планирање на просторот за споменатиот дел од локацијата се со тех. бр. Y 17916. Со оваа проектна програма се бара издавање на Услови за планирање на просторот за останатиот дел од предметниот опфат.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2022, КП 2024, КП 2028, КП 2029, КП 2030, КП 2031, КП 2032, КП 2042, КП 2571, КП 2574, КП 2724, КП 2725, КП 3012, КО Присад, Општина Прилеп и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1605/2021 од 26.10.2021 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2022, КП 2024, КП 2028, КП 2029, КП 2030, КП 2031, КП 2032, КП 2042, КП 2571, КП 2574, КП 2724, КП 2725, КП 3012, КО Присад, Општина Прилеп, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2022, КП 2024, КП 2028, КП 2029, КП 2030, КП 2031, КП 2032, КП 2042, КП 2571, КП 2574, КП 2724, КП 2725, КП 3012, КО Присад, Општина Прилеп** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk